Врз основа на член 102 став (1) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16), а во врска со член 61 став (3) министерот за труд и социјална политика донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 11-2849/6
29-05-2017 20___ год.
СКОПЈЕ

## Р Е Ш Е Н И Е

1 .Се утврдува дека се исполнети условите за вршење на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и отпочнување со работа на приватната установа за деца - детска градинка „Литл ми интернешнл прискул“ во Скопје, со седиште на ул. „Георги Димитров“ блок 10 локал 3, 1000 Скопје, од основачот СТЕЛЕТА-К ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. „Водача” бр.8б, Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на барањето за добивање решение за вршење на дејноста од основачот СТЕЛЕТА- К ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. „Водача” бр.8б, Скопје, на приватната установа за деца - детска градинка „Литл ми интернешнл прискул“ во Скопје, со седиште на ул. „Георги Димитров“ блок 10 локал 3, 1000 Скопје и мислењето на комисијата за исполнетоста на условите за вршење на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и отпочнување со работа на приватната установа за деца - детска градинка „Литл ми интернешнл прискул“ во Скопје со бр. 11 - 2849/5 од 29.05.2017 година, Одлуката на Владата на Република Македонија под бр. 44 - 2147/1 од 23.05.2017 година, министерот за труд и социјална политика утврди дека се исполнети условите утврдени со Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15 и 27/16) и Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/14 , 40/14, 136/14, 71/15 и 170/16), во однос на обезбедени соодветни просторни услови, опрема и дидактички средства, потребен број на деца, соодветен кадар, програма за вршење на дејноста како и финансиски средства, за отпочнување со работа на приватната установа за деца - детска градинка „Литл ми интернешнл прискул“ во Скопје. Врз основа на даденото образложение, а согласно член 2 став 1 алинеја 1 од Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца, детската градинка е од мал капацитет со опфат за околу 65 деца на возраст од девет месеци до шест години живот, односно до поаѓање во основно училиште, како и деца на возраст од шест, односно од поаѓање во основно училиште до десет години, организирани во три згрижувачко - воспитни групи, согласно Законот за заштита на деца.

Врз основа на даденото образложение, а согласно член 102 став ( 1) и став (2) од Законот за заштита на децата и Правилникот за стандарди и нормативи за вршење на дејноста на установите за деца, се донесе решение како во диспозитивот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена по приемот на истото преку Министерството за труд и социјална политика до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен.

МИНИСТЕР

Ибрахим Ибрахими

Изготвил: В. Гареска
Контролирал: В. Ристовска
Одобрил: М. Златановска
Согласен: м-р Д. Петрушевска